OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Скопје, 15-ти декември, 2016 година

# Тројна круна „Најдобра банка во Македонија“ за Охридска банка Сосиете Женерал за 2016-та година

**Охридска банка Сосиете Женерал со гордост објавува дека ја завршува тековната 2016-та година како добитник на интернационалната награда „Најдобра банка во Македонија“, доделена од „The Banker“. Оваа награда доаѓа на врвот на претходните две во истата категорија, доделени во првата половина од годината од „Euromoney“ и „Global Finance“.**

„The Banker“ - една од најпрестижните меѓународни финансиски публикации во сопственост на Financial Times Ltd., ја прогласи Охридска банка Сосиете Женерал за „Најдобра Банка во Македонија” за 2016-та година. Ова е уште едно признание за постојаните растечки резултати и одржливиот развој на комерцијалните активности во однос на сите бизнис и организациски сегменти, кои ја позиционираат Охридска банка Сосиете Женерал на високо место во конкурентното пазарно опкружување.

*„Јас сум професионално и лично многу почестена. Ова е многу голем успех на нашата Банка! 2016-та година е исклучително успешна година за Охридска банка Сосиете Женерал. Во банкарството, на светско ниво, постојат три најважни авторитети: Global Finance, публикација на Светска Банка од Вашингтон, Euromoney од Лондон и The Banker, публикација на престижниот магазин Financial Times, кој оваа година слави 90 години постоење. Охридска банка Сосиете Женерал во оваа 2016-та година, доби награди од сите три институции за „Најдобра банка во Македонија”. Во април - Global Finance, во јули - Euromoney и минатата недела во Лондон - The Banker. Ова претставува хет-трик (hat-trick) или тројна круна – најголем успех досега за нашата и ваша банка.“* - изјави **Бранка Павловиќ**, претседател на Управниот одбор на Охридска банка Сосиете Женерал.

Добивањето на трите награди во период од само една година е резултат на континуираните заложби на Банката да претстави сосема ново ниво и квалитет во традиционалното банкарско портфолио на македонскиот пазар.

Целта на Банката е постојано да нуди квалитетни и транспаретни производи и услуги, кои ги исполнуваат, па дури и надминуваат очекувањата на клиентите.

Едно од основните, но не и единствените мерила на успехот на Банката е остварениот финансиски резултат кој од секој аспект на оперативните активности достигнува рекордно високо ниво.

Во 2016 година Охридска банка Сосиете Женерал бележи раст во сите сегменти од работењето. Во првите 3 квартали остварена е нето добивка за 15% повисока од онаа

**КОРИСНИЧКО ИСКУСТВО, МАРКЕТИНГ И КОМУНИКАЦИИ**
ЕЛЕНА ГЛИГОРОВСКА
+389 2 3167 709

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

остварена во истиот период минатата година. Растот на вкупниот биланс на состојба изнесува 9,6%. Зголемувањето на кредитните пласмани изнесува 12%, додека депозитите од население се зголемија за 5,7% во однос на истиот период лани. Паралелно, квалитетот на кредитното портфолио останува на одлично ниво, со учество од 5,4% на нефункционални пласмани, што е значително помало од просекот на банкарскиот сектор.

*„Овие достигнувања се резултат на кориснички ориентираната стратегија на Банката. Нашите клиенти и нивните потреби се примарен фокус во креирањето на понудата и пласманот на производи и услуги. Наша цел е да бидеме прв избор на корисниците и најпрепорачана банка во Македонија.”* - додаде **Бранка Павловиќ.**

Преку своите деловни и општествено одговорни активности, Охридска банка Сосиете Женерал подеднакво создава дополнителни вредности за своите вработени, клиенти и заедницата во целост, како добар корпоративен граѓанин во земјата.

Во периодот што следи, фокусот останува на потребите на клиентите, преку обезбедување на иновативни и поволни производи и услуги за нив. Иднината предводена од дигиталните трансформации и модернизираниот профил на клиентите, ги насочува плановите за развој на Охридска банка Сосиете Женерал во правец на следење и одржување на темпото на трансформација, со амбиција да остане една од водечките банки во Македонија, обезбедувајќи одржлив раст и профитабилност.

Повеќе информации за Охридска банка Сосиете Женерал може да најдете на www.ohridskabanka.mk

*За Охридска банка Сосиете Женерал*

*Охридска банка Сосиете Женерал е универзална банкарска институција која припаѓа на една од најголемите финансиски групации во светот – групацијата Сосиете Женерал. Со повеќе од 146.000 вработени, со присуство во 66 земји, Групацијата Сосиете Женерал опслужува 31 милион клиенти низ целиот свет повеќе од 150 години. Охридска банка Сосиете Женерал функционира според високите стандарди на Сосиете Женерал, почитувајќи ги четирите главни вредности на Групацијата: тимски дух, иновација, посветеност и одговорност. Основната стратегија на Охридска банка Сосиете Женерал е постојаното унапредување на квалитетот на извршувањето на банкарските услуги и нејзината целосна посветеност да ги задоволи потребите на своите клиенти. Преку своето седиште во Скопје и широката мрежа од 27 експозитури на територијата на Македонија, Охридска банка Сосиете Женерал има за цел да биде поим за банкарски односи, препознатлива на пазарот, блиска до клиентите, избрана поради својот квалитет и посветеноста на нејзините тимови. Охридска банка Сосиете Женерал во 2016 година е носител на три награди во категоријата „Најдобра банка во Македонија“ од трите најважни банкарски авторитети - “Global Finance”, “Euromoney” and “The Banker”.*

**Контакт за медиуми на Охридска банка Сосиете Женерал**
Елена Глигоровска
Раководител на Дирекција за корисничко искуство, маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 709

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP







**КОРИСНИЧКО ИСКУСТВО, МАРКЕТИНГ И КОМУНИКАЦИИ**
ЕЛЕНА ГЛИГОРОВСКА
+389 2 3167 709

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013